**ОБЈАСНУВАЊЕ И УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ**

Извештајот се пополнува годишно.

Извештајот го пополнуваат подружниците на Јавното претпријатие „Национални шуми" и „Националните паркови" што се занимаваат со искористување на шумите, вршат сеча и ги користат споредните шумски производи во шумите.

За секоја територија на општината се пополнува посебен образец - прашалник.

Пресметката на исечената дрвна маса се врши врз основа на податоците од книгите за дознака. За шумите во кои се врши чиста сеча, податоците за исечената дрвна маса се внесуваат од табеларниот дел од „Планот за искористување на шумите", шумско-стопански основи, елаборат за уредување, стопански основи и слични планови што содржат податоци за дрвната маса мерена во стоечка состојба (на пенушка).

1. Исечена бруто-дрвна маса (во шума и надвор од шума)

„Техничко дрво" има поволни физички и хемиски особини и е наменето за разни технички цели. Во техничко дрво спаѓаат: рудничко дрво, столбови за електроводи и ТТ, ситно техничко дрво, друго обло дрво, прагови, друго делкано и цепено дрво.

„Огревно дрво" е дрво наменето за огрев или за производство на дрвен ќумур.

„Отпадокот" ги опфаќа сите делови на дрвото што остануваат во шумата при сечењето (пенушки, ситни гранки, гнилежи и слично).

2. Исечена бруто-дрвна маса во шумите по видови сечи

„Редовна сеча„ се врши според претходно одобрениот план.

„Вонредна сеча„ не е предвидена со планот, се врши од случај до случај, според потребите што претходно не би можеле да се предвидат (големи ветришта и снегови, напаѓање од инсекти, растителни болести и слично). Се вклучува и бесправната исечена дрвна маса, без оглед дали бесправно исеченото растително дрво е извезено од шумата или не е.

„Високи шуми" се оние шуми што настанале од семенско потекло, но тука може да се вклучат и дрвјата од вегетативно потекло како, на пример, тополата. Тука се вклучуваат и насадите што се во процес на трансформација во високи шуми.

„Прореди и чистење" се редовни сечи заради нега што се спроведуваат во високите еднодобни и фидански (ниски) шуми во помали или поголеми временски размери со цел да се обезбеди развој на најквалитетните стебла.

„Фидански (ниски) шуми"се шуми со вегетативно потекло, а се настанати претежно од фиданки од пенушката.

„Други категории на шуми" се: грмушки, макии, честаци и меѓни стебла, шуми.

„Грмушки" се деградирани фидански шуми со мал раст и закржлавени дрвја што служат за пасење и брстење на добитокот.

„Макии" се зимзелени фидански шуми настанати со потиснување на стеблата на црникот во средоземното климатско подрачје на нашата земја.

„Честаци" се деградирани фидански шуми во кои преовладуваат грмушки.

3. Исечено дрво надвор шума

Исечено дрво „надвор од шума" ја опфаќа вкупната дрвна маса на техничкото и индустриското дрво од стеблата исечени на површини помали од 5 ари и од стебла на меѓи и дрвореди на земјиште во приватна сопственост.

4. Други шумски производи

Тука спаѓаат: други шумски производи - од шумски видови дрвја (кора, иглички, шишарки, цвет, лисја, семе и плодови), самоникнати билки (ароматични и лековити билки, цветови, ајдучка трева, мајчина душичка, мечкино грозје и од други билки), диви плодови и бобинки (шипинки, костени, јаболка, трнинки, глог, боровинки, смрека и др.), печурки или габи и лишаи и мов.